# **И н ф о р м а ц и ј а**
# **За извршени оперативни активности на ЈП Комунална хигиена за месец мај/2021**

## ВОВЕД

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

### I. Основна дејност:

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

### II. Дополнителни дејности

- Подигнување на згазени и умрени животни
- Подигнување –собирање на кабаст отпад,шут и
- Третман на фекални води/чистење на септички јами;

### III. Други оперативни активности

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

### IV. Вонредни активности

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со ГУП е поделено на 71 блок и ЈП Комунална хигиена го врши со специјални комунални возила за подигање на поставените садови за таа намена.

Вкупниот број на поставени наменски садови - контејнери во Градот е: 3.108 парчиња од 1.100 литри, 497 парчиња од 3.200 литри, 6 полуподземни контејнери од 3.000 и 5.000 литри и 64.582 пластични канти од 120 литри наменети за Домаќинствата и 383 парчиња од 5.000 литри и 711 парче од 1.100 литри наменети за Правните лица.Во руралниот дел отпадот се собира од 19.897 домаќинства (17.500 канти од 120 л. и 143 контејнери од 1.100 л.).

Во 2021 година, вкупниот број на микро локации со подземни контејнери изнесува – 39 микро локации - 112 контејнери.

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.

# I. Собирање и транспортирање на комунален отпад

Во месец мај/2021 година собрани и транспортирани се **13.816 тони** комунален отпад или просечно **446 тони** дневно.Направени се **1988 тури** односно во просек **64 тури** дневно.

Од вкупно подигнатиот комунален отпад по видови на садови од вкупната количина на отпадот – 13.816 тони, од контејнери од 1.100/3.200 литри е подигнато 7.006 тони или 50,71%, од канти од 120 л. подигнато е 5.955 тони или 43,10% и од контејнери од 5.000 литри подигнато е 855 тони или 6,19%.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.мај/2021 година изнесува 13.816 тони и во споредба со м.април /2021 година кога беа подигнати 14.144 тони, бележи намалување за 328 тони или за 2,32%.

Собраниот и транспортиран комунален отпад од контејнери од 1.100/3.200 л. кој во м.мај/2021 изнесува 7.006 тони, во споредба со м. април/2021 - 6.749 тони, бележи зголемување за 256 тони односно за 3,81%.

Кај подземните контејнери чија што количина влегува во збирот на собраниот комунален отпад од контејнери од 1.100 литри, во м.мај /2021 вкупно собраната количина на комунален отпад изнесува 303 тони и во споредба со во м. април /2021 – 287 тони, бележи зголемување за 16 тони или за 5,57%.

Вкупно собраниот комунален отпад од канти од 120 л. (урбан и рурален дел) за м. мај/2021 изнесува 5.955 тони и истиот во споредба со м. април /2021 – 6.488 тони е намален за 532 тони или 8,22%.

Кај отпадот собран од правни лица, каде во м.мај/2021 се собрани 855 тони, во однос на м. април/2021– 907 тони, бележиме намалување за 52 тони или за 5,73%.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.мај/2021 година изнесува 13.816 тони и во споредба со м.мај /2020 година кога беа подигнати 13.395 тони, е зголемен за 421 тон односно 3,14%.

Кај направените тури во м.мај/2021 година – 1988 тури, бележиме намалување за 200 тури во однос на истиот месец во 2020 година кога беа направени 2.188 тури односно намалување за 9,14%, што се должи на рентабилно користење на СКВ и поголем број на направени тури на претоварните станици.

Во следниот Преглед дадени се количините на собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови (изразено во кг.) за м. мај/2021 споредено со м. април /2021 година:

**ПРЕГЛЕД**
**На собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови за м.мај/2021**

| Дата | Собран отпад од домаќинства | | | | Собран отпад од правни лица (контејнери од 5.000 л.) | **Вкупно КХС** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контејнери од 1.100 л. | Канти од 120 л. | Рурални | Вкупно Канти од 120 л. И Рурални | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(2+5+6) |
| 01.05.2021 | **229.840** | 132.880 | 0 | **132.880** | **6.820** | **369.540** |
| 02.05.2021 | **200.240** | 0 | 0 | **0** | **10.320** | **210.560** |
| 03.05.2021 | **183.240** | 219.480 | 55.500 | **274.980** | **0** | **458.220** |
| 04.05.2021 | **220.440** | 221.880 | 52.640 | **274.520** | **36.660** | **531.620** |
| 05.05.2021 | **191.220** | 240.800 | 58.520 | **299.320** | **39.320** | **529.860** |
| 06.05.2021 | **228.240** | 218.180 | 69.920 | **288.100** | **43.140** | **559.480** |
| 07.05.2021 | **234.300** | 204.080 | 62.480 | **266.560** | **30.560** | **531.420** |
| 08.05.2021 | **246.800** | 138.960 | 0 | **138.960** | **13.260** | **399.020** |
| 09.05.2021 | **217.920** | 0 | 0 | **0** | **6.220** | **224.140** |
| 10.05.2021 | **253.080** | 234.100 | 68.200 | **302.300** | **52.180** | **607.560** |
| 11.05.2021 | **258.920** | 253.700 | 55.920 | **309.620** | **44.560** | **613.100** |
| 12.05.2021 | **234.900** | 236.840 | 62.600 | **299.440** | **42.660** | **577.000** |
| 13.05.2021 | **251.540** | 149.540 | 45.680 | **195.220** | **0** | **446.760** |
| 14.05.2021 | **200.700** | 202.620 | 68.580 | **271.200** | **31.640** | **503.540** |
| 15.05.2021 | **249.500** | 188.100 | 0 | **188.100** | **5.620** | **443.220** |
| 16.05.2021 | **209.960** | 0 | 0 | **0** | **6.080** | **216.040** |
| 17.05.2021 | **244.300** | 224.340 | 58.700 | **283.040** | **41.000** | **568.340** |
| 18.05.2021 | **214.600** | 168.120 | 54.960 | **223.080** | **52.020** | **489.700** |
| 19.05.2021 | **219.980** | 142.900 | 45.180 | **188.080** | **43.660** | **451.720** |
| 20.05.2021 | **229.400** | 116.260 | 61.700 | **177.960** | **41.520** | **448.880** |
| 21.05.2021 | **209.340** | 76.620 | 61.260 | **137.880** | **48.060** | **395.280** |
| 22.05.2021 | **228.040** | 120.240 | 0 | **120.240** | **9.780** | **358.060** |
| 23.05.2021 | **216.400** | 0 | 0 | **0** | **3.680** | **220.080** |
| 24.05.2021 | **223.500** | 107.940 | 54.200 | **162.140** | **6.560** | **392.200** |
| 25.05.2021 | **243.080** | 162.300 | 48.560 | **210.860** | **41.340** | **495.280** |
| 26.05.2021 | **227.360** | 206.460 | 48.820 | **255.280** | **43.540** | **526.180** |
| 27.05.2021 | **220.920** | 207.700 | 58.380 | **266.080** | **49.460** | **536.460** |
| 28.05.2021 | **216.780** | 181.940 | 60.980 | **242.920** | **48.560** | **508.260** |
| 29.05.2021 | **233.040** | 147.440 | 0 | **147.440** | **6.200** | **386.680** |
| 30.05.2021 | **226.820** | 25.560 | 0 | **25.560** | **6.620** | **259.000** |
| 31.05.2021 | **241.580** | 216.680 | 57.180 | **273.860** | **43.800** | **559.240** |
| ***Се вкупно*** | ***7.005.980*** | ***4.745.660*** | ***1.209.960*** | ***5.955.620*** | ***854.840*** | ***13.816.440*** |
| Април | 6.749.660 | 5.259.400 | 1.228.620 | **6.488.020** | 906.800 | 14.144.480 |
| **Разлика** | **256.320** | **-513.740** | **-18.660** | **-532.400** | **-51.960** | **-328.040** |

Во Прегледот што следи дадени се собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје и во руралните средини за период 01.01 до 31.05.2021 година:

| **Месец** | **ЈП КХС – урбани средини** | | **ЈП КХС – рурални средини** | | **Вкупно собран отпад** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Собран отпад** | **Тури** | **Собран отпад** | **Тури** | **Собран отпад** | **Тури** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (2+4) | 7 (3+5) |
| Јануари | 11.174 | 1.638 | 1.079 | 256 | 12.253 | 1.894 |
| Февруари | 10.641 | 1.428 | 909 | 237 | 11.550 | 1.665 |
| Март | 12.588 | 1.795 | 1.180 | 286 | 13.768 | 2.081 |
| Април | 12.915 | 1.759 | 1.229 | 281 | 14.144 | 2.040 |
| Мај | 12.606 | 1.721 | 1.210 | 267 | 13.816 | 1.988 |
| **Вкупно:** | **59.924** | **8.341** | **5.607** | **1.327** | **65.531** | **9.668** |

***Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини***

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се 10-12 специјални возила.

Во месец мај/2021 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува 1.210 тони и во споредба со м. април /2021 година кога беа подигнати 1.229 тони бележи намалување за 19 тони или за 1,55%. Направени се вкупно 267 тури.

Во следниот Преглед е прикажан и вкупно собран отпад од руралните средини за месец мај/2021 година по Општини:

| **Ред. бр.** | **ОПШТИНА/БЛОК** | **Број на домаќинства** | **Подигнат отпад ( во кг.)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Кисела Вода | | |
| | Вкупно: | 2.817 | **180.740** |
| 2. | Аеродром | | |
| | Вкупно: | 658 | **46.740** |
| 3. | Бутел | | |
| | Вкупно: | 3.650 | **195.980** |
| 4. | Гази Баба | | |
| | Вкупно: | 7.456 | **458.720** |
| 5. | Кучевишка бара | | |
| | Вкупно: | 251 | **0** |
| 6. | Карпош | | |
| | Вкупно: | 612 | **29.440** |
| 7. | Сарај | | |
| | Вкупно: | 4.453 | **298.340** |
| | *СЕ ВКУПНО:* | *19.897* | ***1.209.960*** |

- ***Селекција на отпад***

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата се собира, пресува и складира, како и стаклото, хартијата и картонската амбалажа кои се собираат и складираат се предава на Нутривет - Пакомак.

Следи Преглед на собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа, стакло и лименки и Преглед на предадена количина на Нутривет - Пакомак за период од 01.01 до 31.05.2021 година:

**Преглед**
**На собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа, стакло и лименки**

| Месеци 2021 година | ЈП Комунална хигиена | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Најлон (кгр) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Јануари** | 0 | 0 | 34.780 | 0 |
| **Февруари** | 0 | 0 | 30.490 | 0 |
| **Март** | 0 | 0 | 38.020 | 0 |
| **Април** | 0 | 0 | 40.430 | 0 |
| **Мај** | 0 | 0 | 54.220 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***0*** | ***0*** | ***197.940*** | ***0*** |

**Преглед**
**на предадена количина на Нутривет – Пакомак**

| Месеци 2021 година | Предадено на Нутривет - Пакомак | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Најлон (кгр) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Јануари | 0 | 0 | 34.780 | 0 |
| Февруари | 0 | 0 | 30.490 | 0 |
| Март | 0 | 0 | 38.020 | 0 |
| Април | 0 | 0 | 40.430 | 0 |
| Мај | 0 | 0 | 54.220 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***0*** | ***0*** | ***197.940*** | ***0*** |

## Одржување на јавната чистота

Во периодот од 01.05 до 31.05.2021 година, од вкупно планираната површина од 64.148.150 м$^2$ остварено е 63.234.860 м$^2$ или 1,42% помалку во однос на планираната.

Во Прегледите што следат може да се види планираното и оствареното

по Општини, како и остварените зафати вкупно за сите Општини.

**Преглед**
**На планирано и остварено по Општини и категории за м.мај/2021**

| | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Прва Категорија | Центар | 13.233.616 | 13.299.000 | |
| | Кисела Вода | 0 | 0 | |
| | Аеродром | 0 | 0 | |
| | Карпош | 0 | 0 | |
| | Чаир | 1.837.990 | 2.090.000 | |
| | Бутел | 0 | 0 | |
| | Гази Баба | 0 | 0 | |
| | Ѓорче Петров | 0 | 0 | |
| | Шуто Оризари | 0 | 0 | |
| | **Вкупно:** | 15.071.606 | 15.389.000 | **102,11** |
| Втора Категорија | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
| | Центар | 13.697.838 | 13.413.000 | |
| | Кисела Вода | 3.380.322 | 3.366.000 | |
| | Аеродром | 2.571.470 | 2.508.000 | |
| | Карпош | 9.012.718 | 8.250.000 | |
| | Чаир | 7.966.706 | 8.030.000 | |
| | Бутел | 1.991.022 | 2.002.000 | |
| | Гази Баба | 3.487.176 | 3.520.000 | |
| | Ѓорче Петров | 1.034.440 | 1.078.000 | |
| | Шуто Оризари | 10.780 | 10.780 | |
| | **Вкупно:** | 43.152.472 | 42.177.780 | **97,74** |
| Трета Категорија | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
| | Центар | 753.500 | 792.000 | |
| | Кисела Вода | 519.332 | 528.000 | |
| | Аеродром | 1.087.520 | 880.000 | |
| | Карпош | 1.181.180 | 1.056.000 | |
| | Чаир | 545.710 | 616.000 | |
| | Бутел | 365.750 | 352.000 | |
| | Гази Баба | 971.740 | 880.000 | |
| | Ѓорче Петров | 381.260 | 440.000 | |
| | Шуто Оризари | 124.080 | 124.080 | |
| | **Вкупно:** | 5.924.072 | 5.668.080 | **95,68** |
| ***Се вкупно:*** | | **64.148.150** | **63.234.860** | **98,58** |

**Преглед**
**На вкупно остварени зафати за м.мај– Одржување на јавната чистота**

| **СЕ ВКУПНО ЗА СИТЕ ОПШТИНИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | рачно метење | машинско метење (мали метл.) | машинско метење (големи метл.) | машинско перење | рачно перење | вкупно по смена |
| прва | 12.540.000 | 575.000 | 1.500.000 | 765.000 | 9.000 | 15.389.000 |
| втора | 13.716.780 | 2.050.000 | 2.200.000 | 23.485.000 | 726.000 | 42.177.780 |
| трета | 5.668.080 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.668.080 |
| **Вк. по зафат** | **31.924.860** | **2.625.000** | **3.700.000** | **24.250.000** | **735.000** | **63.234.860** |

## II. Дополнителни дејности

**ПРЕГЛЕД**
**На подигнати згазени и умрени животни од улиците на Град Скопје во м.мај/2021 г.**

| 2021 г. | Подигнати животни | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Кучиња | Мачки | Др.доб. | |
| Вкупно | 26 | 68 | 0 | 94 |

## III. Други оперативни активности

- **ЕКО - патрола**

За месец мај/2021 година Еко патрола има направено вкупно 123 записници од кои: 15 за комунален отпад и 108 едукативни.Откриени се 59 $м^3$ отфрлен градежен отпад и шут, кабаст отпад и гранки, расчистени до крајот на месецот.

Во табелата што следи може да се види бројот на направените записници за комунален отпад и едукативни записници по Општини:

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад | Откриен отпад $М^3$ | Едукативни записници | Вкупно направени записници |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(3+5) |
| 1. | Општина Центар | 2 | 13 | 19 | 21 |
| 2. | Општина Карпош | 5 | 15 | 10 | 15 |
| 3. | Општина Аеродром | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 4. | Општина К.Вода | 3 | 12 | 7 | 10 |
| 5. | Општина Чаир | 4 | 16 | 62 | 66 |
| 6. | Општина Бутел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7. | Општина Гази Баба | 1 | 3 | 8 | 9 |
| 8. | Општина Ѓ. Петров | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно записници** | | **15** | **59** | **108** | **123** |

- **Дежурен телефон**

Во месец мај/2021 г. на дежурниот телефон регистрирани се 103 јавувања од граѓани.Најголемиот број од нив се однесуваат за неподигнат отпад од канти и контејнери 61 повик како и на повици за подигнување на кабаст отпад – 33 повици.

Службите реагираат на јавувањата во најкус можен рок.

## IV. Вонредни активности

Во текот на м.мај/2021 година, ЈП Комунална хигиена Скопје беше ангажирана во расчистување на диви депонии од комунален отпад (градежен шут,земја,гранки и друго) во сите општини на територијата на Град Скопје каде се расчистени вкупно 977 $м^3$ отфрлен отпад.

Изработил
Емилија Владимирова
Раководител на одд. План и анализа

Контролирал
Елена Дудулоска
Пом.на раководител на Сектор
за Финансиско работење

Одобрил
Катерина Бошковска
Раководител на Сектор
за Финансиско работење

Одделение План и анализа

јуни,2021 г.